Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

Бр/Nr. 04-6547/19
Скопје/Shkup__________година/viti
21-07-2025

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), а во врска со објавениот јавен оглас за вработување во Јавното претпријатие за државни патишта бр. 479/2025, ВД Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта донесе

ОДЛУКА
За избор на кандидат по јавен оглас број 479/2025

1. За пополнување на слободно работно место со шифра КДР0102В01077 Советник за административна подготовка на проекти со средства од РМ, Одделение за техничка подготовка и планирање со средства од РМ, Сектор за инвестиции со средства од РМ 1 (еден) извршител, по пат на јавен оглас број 479/2025, се избира кандидатот:
   - Моника Стоилевска, со идентификациски код 4FD8ECC

2. Именованата ќе биде вработена на работното место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас за спроведување на постапка за избор на 1 (еден) кандидат за вработување на неопределено време во Јавното претпријатие за државни патишта, формирана со Решение број 10-1333/3 од 30.06.2025 година и Решение број 10-1333/6 од 15.07.2025, донесени од Директорот на Агенцијата за администрација во функција на спроведување на постапката за вработување на административен службеник за работно место од точка 1 на оваа Одлука, а по објавениот јавен оглас за вработување број 479/2025 од 12.06.2025 година, објавен во дневните весници "Слободен печат", "Вечер" и "Коха", спроведе постапка согласно Законот за администартивни службеници.

Според пристигнатите пријави на кандидатите за вработување за работно место КДР0102В01077 Советник за административна подготовка на проекти со средства од РМ, Одделение за техничка подготовка и планирање со средства од РМ, Сектор за инвестиции со средства од РМ 1 (еден) извршител, по извршената административна селекција на ден 02.07.2025 година (Записник бр. 10-1333/4 од

02.07.2025 година.), спроведениот испит за административен службеник на ден 14.07.2025 година (Записник бр. 10-1333/5 од 14.07.2025 година), спроведената проверка на веродостојноста на доказите и интервју за администативен службеник на ден 17.07.2025 година (Записник бр.10-1333/7 од 17.07.2025 година), Комисијата изготви и достави конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас број 479/2025 со број 10-1333/8 од 17.07.2025 година.

Врз основа на горенаведеното и врз основа на Предлогот на кандидати за вработување, ВД Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Упатство за правно средство: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување то на одлуката на веб страната на Агенцијата.

В.Д.Директор
Коце Трајановски

Доставено до:
- Агенција за администрација (2 примерока)
- Именованиот
- Одделение за човечки ресурси
- Архива

Изработил: Биљана Цветковиќ
Контролирал: Даниела Тасевски
Одобрил: Сузана Атанасова


ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
rr. "Dame Gruev" nr.14
Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел/Tel:02 3118-044,
Факс/Fax 02 3220-535; 02/3116-385
e-mail: contact@roads.org.mk
Web: www.roads.org.mk